Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-2321/1 од 02.07.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-2321 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2321/1 од 02.07.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице ///, дги, вработен во Општина ///, на начин така што одолговлекувал постапка за издавање одборение за градење, кое дејствие реултирало со доградба на семејна куќа во корист на инвеститорот ///. Се истакнува дека заради тоа била поднесена кривична пријава против претходно наведеното служебно лице во Основно јавно обвинителство во ///, која била отфрлена. По повод изјавена жалба од подносителката, Вишо јавно обвинителство во ///, му наложило на Основно јавно обивнителство во ///, кривичната

постапка да ја продолжи. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставен е еден доказ.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации, документација и надлежно постапување од Основно јавно обвинителство во ///, на што доследно беше постапено и доставено се' што беше побарано.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно факти и докази, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, па по оценка на секој одделен доказ како и на сите докази во целина и извршената единечна и вкрстена анализа на сите познати факти утврди дека во конкретниот случај, Основно јавно обвинителство во ///, во продолженатa постапка, кривичната пријава против горе означеното службено лице ја отфрлило со Решение /// од /// година, потврдено со Решение на Вишо јавно обвинителство во /// /// од /// година.

Согласно горе наведеното, ДКСК утврди дека по наводите од пријавата на подносителот, постапил друг надлежен орган, заради што ДКСК нема основ да покренува било какво дејствие од нејзина законска надлежност, по што оцени дека постапувањето по пријавата треба да се запре и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.